НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Година II
број 18
30 Јуни
2006 год.

## Меморандум за разбирање помеѓу Владата на РМ и СЗПМ

На 10 јуни претседателот на Владата на Република Македонија д-р **Владо Бучковски** и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија **Душко Шурбановски** го потпишаа Меморандумот за разбирање за подобрување на условите и стандардот на пензионерите.

Во таа несока Владата на Република Македонија презеде обврска за покачување на пензиите во износ од 10 отсто, што ќе се врши во согласност со начелата што ќе бидат усогласени меѓу Владата и СЗПМ согласно Законот за ПИОМ, а исплатата на средствата ќе се реализира во период од 18 до 24 месеци од денот на потпишувањето на меморандумот.

Воедно Владата презеде обврска за ослободување на партиципација на лекови и здравствени услуги на пензионерите постари од 65 години, како и подобрување на условите за континуирано снабдување со лекови и овозможување на пензионерите со хронични заболувања со едно јавување на лекар да добиваат повеќе рецепти за терапија до три месеци.

Со Меморандумот Владата презеде обврска и за ослободување на пензионерите од плаќање на поштенски услуги при исплата на пензиите да изгради правна основа за условите и начинот за сервисирање на солидарните фондови на здруженијата на пензионерите од страна на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување, како и да се изградат пет пензионерски-старски домови.

За остварување на овој Меморандум се формира и работна група составена од преставници на Владата на РМ и СЗПМ.

Во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија на 13 јуни се одржа седница на Управниот одбор, а потоа и прес конференција на која директорот на Фондот Бошко Китановски информираше дека како резултат на потпишаниот Меморандум меѓу Владата на РМ и СЗПМ е донесена одлука корисниците кои примаат пензии преку пошта се ослободуваат од поштарина со почеток на мајските пензии, а јунските пензии што ќе се исплатат во јули, ќе бидат усогласени со порастот на платите и трошоците за живот. Годишните трошоци за поштарина изнесуваат околу 180 милиони денари и нив ги презема Фондот. За тоа, како и за зголемувањето на пензиите средствата се планира да бидат обезбедени од зголемената наплата на придонесите и од државниот буџет.

Потпишувањето на Меморандумот за разбирање наиде на голем одзив во медиумите и меѓу политичките партии што учествуваа на престојните парламентарни избори.

Партиите од позицијата нагласија дека зголемувањето на пензиите не е никаков предизборен маркетинг, туку реалност, бидејќи се создадени предуслови со завршената пензиска реформа и стабилноста на пензискиот фонд. Според нив пензиите ќе се зголемуваат по пат на декомпресија, слично како со коригирањето на платите во јавната администрација.

Дел од опозицијата имаше опстојна критика кон Владата поради тоа што дури сега се ветува покачувањето на пензиите, што според нив е понижувачко со потсетување ако Владата сакала на пензионерите навистина да им ги покачи пензиите, тоа можело да го стори во изминатите четири години. Затоа тие сметаат дека потпишувањето на меморандумот ќе биде само "мртва буква на хартија" и дека е само предизборно ветување.

Инаку, во Република Македонија има 274.000 пензионери, осум проценти од нив примаат пензија до 3.900 денари, 44 отсто околу 6.000 денари и само 18 проценти над 10.000 денари. Просечната пензија на сите категории пензионери изнесува 7.506 денари или само околу 59 отсто во однос на минатогодишната просечно исплатена плата во државата.

Д.А.

XVIII седница на Извршниот одбор на СЗПМ

## Утврдена програма за одржување на избори

Извршниот одбор на СЗПМ на 7 јуни ја одржа 18 седница на која расправше за предлог Меморандумот за разбирање во Владата на РМ, како прв ваков документ во историјата на пензионерската организација. Во уводните напомени што ги даде претседателот **Душко Шурбановски** и во опстојната дискусија во која учествуваа: **Андон Марковски, Борче Јосифовски, Бесник Поцеста, Ѓоко Серафимов, Рамиз Ќазимовски, Никола Конески, НИкола Николовски, Асим Јусуфи, Трајче Стојанов, Тома Спасов, Лупчо Наумовски, Методија Кепевски и Арсен Илиевски**, беа изнесени предлози и ставови за прецизирање на договорот. По усогласување на предлозите предлог Меморандумот беше едногласно прифатен.

Нацрт Спогодбата меѓу здруженијата на пензионерите за сервисирање на солидарните фондови се даде за јавна дискусија, а се усвои Рамковна програма за одржување на избори на органите на здруженијата и Сојузот во 2006 година. Според тоа- избори за раководства на ограноците и на органите на здруженијата ќе се одржат во периодот од 15.04. до 30.11.2006 година по постапка и начин пропишани во Статутот на здружението.

Во периодот утврден со точка 1 ќе се изврши изборот и на членови на Собранието на СЗПМ, според важечките критериуми: здруженијата до 8.000 членови избираат еден член, а над 8.000 два члена, при што да се води сметка и за застапеноста на пензионери.

Конституирањето на органите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе се изврши најдоцна до 15.12.2006 година.

Извршниот одбор на СЗПМ донесе и Одлука за одбележување на 60 годишнината на пензионерската организација во Македонија и формира Комисија за подготовка на јублејот.

Потпретседателот Андон Марковски информираше за добиената донација од Европската комисија за реконструкција преку Данскиот совет и тоа 25 компјутери и 6 телефакси што се распределени на здруженијата, како и за одржаната едукација на околу 20 истакнати пензионери за подготовка на проекти за донација.

Д.А.

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

## Богата јунска активност

Во најмасовната невладина и непартиска организација во нашата земја, во СЗПМ во текот на овој месец имаше голем број значајни активности. Во центарот на вниманието беше потпишувањето на Меморандумот за разбирање со Владата на РМ за подобрување на условите и стандардот на пензионерите, како и одржувањето на три регионални ревии за игра, песна и музика и осум регионални пензионерски спортски натпревари. Се одржаа и повеќе излети и екскурзии до историските и природните убавини во нашата држава.




На трите успешни регионални ревии на игри, песна и музика што се одржаа и добро организираа во Свети Николе, Велес и Гостивар, со свои фолклорни ансамбли, пејачки гупи и инструменталисти, учествуваа повеќе здруженија на пензионери од сите краеви на нашата земја.

Се покажа дека за играта и песната нема старост.

Успешно и добро организирани беа и традиционалните спортски пензионерски натпревари што се одржаа во осум региони: Гази Баба и Карпош во Скопје, во Прилеп, Кичево, Неготино, Пробиштип, Струмица и Кочани, на кои учествуваа спортисти пензионери и пензионерки од речиси сите здруженија на пензионери од Република Македонија.



Карактеристика на овие регионални спортски пензионерски игри беше натпреварувачката атмосфера, спортскиот дух, пријателството и другарувањето, а победниците се стекнаа со право на учество на 11 -ти републички пензионерски спортски натпревари што на 9 септември ќе се одржат на одмаралиштето Крани во Преспа.

Во септември ќе се одржат и две меѓурегионални пензионерски ревии на игра, песна и музика во Прилеп и Струмица.

Сета оваа активност на пензионерите во нашата земја покажува дека секое време и возраст има своја духовна убавина и активност.

Д.Аргировски

## Демографијата на глобалното стареење сложен фактор во развитокот на целокупната популација

Ова беше темата на расправата на ОСМАТА ГЛОБАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА СТАРЕЕЊЕТО (ИФС) што се одржа од 30 мај до 2 јуни во Копенхаген - Данска.

Темата на конференцијата беше наменета на глобалното стареење - Северно-Јужен Предизвик. На Конференцијата учествуваа над 800 учесници од сите страни на светот.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија беше поканет од организаторот да учествува во работата на Конференцијата. На Конференцијата задовме учество јас, во својство на претседател на Сојузот, Андон Марковски потпретседател на ИО на СЗПМ во придружба на Димитар Спасеноски советник на Данскиот совет за бегалци, кои го спонзорираа патувањето и престојот во Копенхаген.

Основна тема на Конференцијата беше "Демографијата на глобалното стареење како фактор на развојот на целокупната популација". Темата ставаше акцент на земјите кои се најмалку адаптирани на исполнувањето на предизвиците со најдраматичниот развој во текот на следните 50 години. Глобалната Конференција, на стареењето на овој природен биолошки феномен си постави во задача да го нагласи овој факт едновремено да констатира дека глобалната одговорност за стареењето и старите лица да стане сечија одговорност.

Осмата глобална конференција со нагласувањето на стареењето како вистински глобален проблем од демографски зашеметувачки размери констатира, дека примарна цел на оваа интернационална конференција е да ги вклучи сите фактори во исполнување на предизвиците за глобалното стареење како и исполнување на предизвиците во нивната сопствена средина.

Темите на Конференцијата ги зафатија следните области:

- Демографија на стареење,
- Стареењето и меѓународната миграција,
- Стареењето и револуција на нови технологии,
- 102 години стар-а потоа?
- Меѓукултурна солидарност,
- Меѓугенерациска солидарност,
- Стареењето во Нова Европа, Источна Европа и Балтичките држави,
- Грижа за постарите- концепт за сите возрасти со елементи на поддржувачки околини,
- Возраста како комплексен дискриминаторен фактор,
- Оптимално мешање на услугите: јавни, приватни, волонтерски,
- Стареењето и семејството,
- Постарите лица и медиумите-заборавена група,
- Квалитетот на животот на зависните луѓе.
- Дом- болница и институција - бермудскиот триаголник за нега на старите лица,
- Старите лица и бездомништвото и
- Искоренување на сиромаштијата.

По сите овие теми беа изнесени мошне интересни гледања и оценки за подготвеноста на голем број држави за разрешување на големиот број проблеми на оваа популација граѓани.

По сите овие прашања неопходно ќе биде и органите на нашата земја да утврдат соодветни политики за среднорочен период. СЗПМ пред надлежните државни органи и невладиниот сектор ќе ги иницира овие прашања и ќе инсистира нивно потемелно согледување и усвојување на долгорочна програма за подобрување на односот кон оваа популација која и нашата држава не може да ја одмине. Поинтересните прашања предмет од расправата на глобалната Осма конференција ќе бидат третирани во пригодни написи во наредните броеви на "Пензионерски видици".

Душко Шурбановски

ПОГЛЕДИ

# Солидарните фондови на здруженијата - хуман социјален чекор на пензионерската асоцијација во Македонија



Солидарните фондови на здруженијата на пензионерите на Македонија се формирани со посебни одлуки на Собранието на СЗПМ во 1992 година кога Државата престана да учествува со свои средства преку Фондот за пензиско инвалидско осигурување на Македонија во погребните трошоци на починатите корисници на пензија. Со основањето на солидарните фондови искажана е голема хуманост на корисниците на пензија во поднесувањето на трошоците на починатите корисници на пензија, ова посебно ако се знае дека околу 47 отсто од пензионерите се со пензија до 6.000 ден.

За солидарниот фонд утврдуен е единствен износ од 120 денари за секој член корисник на пензија. Ваква одлука донесе Собранието на Сојузот со претходна согласност од здруженијата. Сервисирањето за средствата за солидарните фондови успешно го врши Фондот на ПИОМ и редовно средствата ги дозначува на здруженијата во општините.

Меѓутоа во поново време се забележани определени појави, од миграцијата на пензионерите, при исплатата на погребните трошоци помеѓу одделни здруженија кога пензионерите во својот живот го менувале местото на живеење од една општина во друга и зависно од тоа различно време членувале во солидарните Фондови на здруженијата. Заради тоа во практиката им се создаваат определени финансиски тешкотии при исплатата на погребните трошоци на семејствата на починатите корисници на пензија.

Со цел да се надмине оваа состојба и да се помогне во решавањето на овие проблеми меѓу здруженијата (кое здружение со колку средства да учествува во исплатата на погребните трошоци) Правно економскиот совет на ИО на СЗПМ на седницата што се одржа на 23.05.2006 год. утврди Нацрт - спогодба за решавање на прашањата кои ги предизвикува миграцијата на членовите на здруженијата на пензионерите и начинот на исплата на погребните трошоци. Нацрт-спогодбата ја разгледа ИО што се одржа на 7.06.2006 год. и донесе заклучок таа да се достави на мислење на здруженијата на пензионерите. По доставените предлози и мислења од здруженијата на пензионерите ИО ќе утврди единствен текст кој ќе биде доставен на усвојување на здруженијата.

Позначајни прашања врз кој се заснова нацртот на Спогодбата се следните:

1. Погребните трошоци за починатите корисници на пензија од средствата на солидарните фондови ги исплаќа здружението на пензионерите на општината во која имале последно живеалиште согласно мерилата и критериумите утврдени со правилникот на тоа здружение. Ова затоа што семејствата на корисниците на пензија да не се доведуваат во положба овие средства да ги бараат од две или повеќе здруженија и да не се изложуваат на одредени непријатности посебно кога е во прашање висината на нивната исплата. Времето на членувањето на починатиот корисник на пензија во Солидарниот фонд се докажува со потврда издадена од Фондот за ПИОМ, односно со потврда од евиденцијата на списоците за членовите на корисниците на пензија што ги поседуваат здруженијата.

2. Со Спогодбата на соодветен начин се уредува и прашањето за починатите брачни другари на корисниците на пензија кои не биле осигурани, а биле членови на Солидарниот фонд како и на оние кои не биле осигурани и не биле членови на Солидарниот фонд. И во двата случаи се предвидува да се применат решенијата и критериумите утврдени со Правилникот на здружението каде починал корисникот на пензија.

3. Во практиката се јавуваат определени проблеми при исплатата на погребните трошоци за корисници на пензија кои подолго време биле на лекување во медицинска установа (Геријатриски дом) и таму починале. Заради покривање на болничките трошоци Фондот пензијата ја доставувал во соодветната медицинска установа заедно со задршката на членарината за солидарниот фонд на соодветната општина каде се наоѓа здравствената установа. Во вакви случаи Спогодбата утврдува став според кој погребните трошоци ќе ги исплати здружението од каде е корисникот на пензија, а здружението каде се наоѓа здравствената установа е должно уплатените средства да ги рефундира.

4. Спогодбата го уредува и прашањето за начинот на решавање на спорни прашања меѓу две здруженија. Во таков случај незадоволното здружение има право на жалба до арбитражната комисија која ја формира ИО на СЗПМ. Оваа Комисија според нацртот на Согодбата се состои од три члена од кои по еден делегираат здруженијата кои се спорат и еден - претседател се определува од листата на кандидати која ја утврдува ИО. Против второ степеното решение на арбитражната комисија е завземен став да може да се води управен спор пред Врховниот суд на Р. Македонија.

5. Прашањето на застареност на исплатата на погребните трошоци со Нацртот на спогодбата е уредено со алтернативно решение за една односно за три години.

Конструктивни предлози се очекуваат и од здруженијата на пензионерите.

**Никола Конески**
**Претседател на Правно Економскиот совет на ИО на СЗПМ**

IV регионална пензионерска ревија

# Во Свети Николе, Велес и Гостивар - со песна, игра и музика

Звукот на народните инструменти, на гајди, тапани и кеманеа, како и изворните народни песни и ора изведени од заборавот, беа карактеристика на трите дела од IV-та регинална пензионерска ревија што во организција на СЗПМ се одржаа во Свети Николе, Велес и Гостивар.




Најпрвин на 15 јуни во салата на Домот на културата во Свети Николе учествуваа хорови, пејачки групи, солисти и фолклорни ансамбли од Здруженијата на пензионерите од Берово, Струмица, Пробиштип, Кратово, Штип, Кочани, Виница, Радовиш, Делчево, Злетово, Ново Село, Лозово и Свети Николе.




Во името на градот домаќин средбата ја поздрави градоначалникот **Слободан Даневски**, а за значењето на оваа културна манифестација говореа **Мирко Данаилов**, претседател на ЗП на Свети Николе и секретарот на СЗПМ **Чедо Георгиевски**.

Иако траеше повеќе од три и пол часа, во целина исполнителите оставија добар впечаток, со традиционално добри настапи на Културно-уметничките друштва и пејачки и играорни групи од Пробиштип, Струмица, Берово, Штип, Кочани и други, додека повеќе се оечкуваше од настапот на ЗП на Делчево, чија пејачка група непотребно пееше на плејбек, а пак соло пејачот од Лозово исполни три долги песни. Во поголем дел тоа беше и колоритна смотра на македонски носии.



На 21 јуни на отворањето на регионалната ревија во Велес поздравен збор имаа претседателот на Здружението на пензионерите од градот на Вардар **Момчило Марковски**, градоначалникот **Аце Коцевски** и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**. На ревијата зедоа учество пејачки групи, солисти и инструменталисти од Валандово, Велес, Неготино, Прилеп, Богданци, Гевгелија и Кавадарци. Сите исполнители беа добро подготвени и оставија убав впечаток, што публиката во полната сала на киното "11 Октомври" заслужено ги поздрави со аплауз, особено Културно-уметничките друштва од Прилеп, Гевгелија, Кавадарци и Велес, респејаните пензионерки од Неготино и Валандово и новата сценска изведба на пејачката група од Богданци. Сепак, се чувствува потреба од нов репертоар, како и од настап на играорни групи, со што ќе се избегнеше извесна еднообразност на програмата.







На 28 јуни во големата сала во Домот на културата „АСНОМ" во Гостивар на регионалната ревија настапија Културно-уметничките друштва, пејачки групи, солисти и музичари од скопските здруженија на пензионери Гази Баба, Кисела Вода, Карпош и Центар, како и од Куманово, Тетово, Охрид и градот домаќин.

Учесниците ги поздрави претседателот на ЗП Гостивар **Андреја Огњаноски,** а ревијата со пригоден говор за отворена ја прогласи претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**. Од убавата музика, песна и игра се полнеше душата на гледачите. Се покажа дека е добро да се негува традицијата и народната песна и игра. Забележителни беа пејачките групи, музичките настапи со гајди, тапани, тарабуки, двојанки, кеманеа, сплетови на староградски песни од Скопје и од Охрид, кавалџии и песни на македонски и албански јазик од Гостивар, стари шарпланински песни од Тетово и секако сценскиот настап со колаж жетварски песни од Куманово.







Најдобрите ќе земат учество на двете меѓурегионални ревии на песна, игра и музика, што наесен ќе се одржат во Прилеп и Струмица.

**Д. Аргировски**

**ВО ПОСЕТА НА...**

Здружението на пензионерите во Кочани

# Традиционално забележителни активности



Иван Јорданов

Здружението на пензионерите во Кочани е едно од најактивните невладини организации во градот на оризот и од 1972 година кога е регистрирано па досега полека но сигурно успешно го минува развојниот пат, создавајќи повеќе активности кои станаа традиционални.

Во здружението членуваат над 4.800 пензионери кои се ангажирани во имплементација на програмските задачи во заштита и унапредување на правата и интересите во областа на пензиското и здравственото осигурување, во негувањето на пензионерски дружења, екскурзии, излети, културно-уметнички и спортски дејности.

- Работиме транспарентно, вели **Иван Јорданов**, претседател на Здружението на пензионерите во Кочани, а реализираните активности даваат за право работата на општинската пензионерска организација да се оцени како мошне успешна.



Ова го потврди и претседателката на Активот на жените пензионерки, **Мирослава Петровска** потсетувајќи дека во чест на денот на ослободувањето на градот меѓу првите во државата започнале во организирање средби на пензионерки од повеќе градови во Република Македонија. Оваа традиција е инспирација за незаборавни дружења, за создавање нови пријателства, литературни творби и значаен фактор во надминување на монотонијата во "третото доба". Таа е неуморна организаторка и иницијаторка и на полето на спортските пензионерски активности, на одморот и рекреацијата, со оглед на тоа што Активот годишно организира по неколку успешни екскурзии, а поглем број пензионерки учествуваат и на разни средби во други градови.

Претседателот на Комисијата за одмор и рекреација **Кире Агов**, додаде дека за одбележување е се помасовното учество на пензионерите во спортувањето, екскурзиите и излетите. Во минатата година на пензионерската средба во "Пониква" на Осогово учествуваа над илјада пензионери од регионот, а половината беа од Кочани. Слична беше и на масовната средба на брана "Гратче".

Остварени се успешни настапи и на досегашните републички пензионерски спортски натпревари, а на десетата традиционална средба што се одржа кај велешкото езеро Младост најуспешни беа машката и женската екипа во шах и женската екипа во стрелаштво. Минатата година Здружението беше домаќин на пријателските "Осоговски натпревари" со учество на екипи од Кочани, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип и Свети Николе, а деновиве во градот на оризот се одржаа и регионалните спортски пензионерски натпревари.



- Соодветни успеси имаме и на полето на културните дејности, вели **Трајанка Глигорова**, претседтелка на Комисијата, истакнувајќи дека Кочани минатата година беше успешен домаќин на регионалната фолклорна ревија, а вокално-инструменталната група и солистот на двојанка учествуваа и на Првата републичка фолклорна ревија на пензионерите во Скопје. Имаше учество и на концерти во Берово, Виница и Зрновце. Успешен настап е остварен и на неодамнешната регионална средба на песни, игри и музика во Свети Николе.



- Работата на Комисиите беше повеќе оперативна, објасни потпретседтелот на Здружението **Стојан Трајанов**, а постигнатите успеси се резултат на добри подготовки и активности, на меѓусебна соработка, што треба да продолжи и во иднина. Впрочем, со размена на искуства се добива поквалитетна организираност и поголема содржајност во спроведувањето на тековните активности.

- Секако имаме и нерешени проблеми, нагласи секретарот на Здружението **Тодор Михајлов**, посебно со ниските пензии, а опасноста од девалвацијата на пензискиот стандард е присутна уште од 1994 година, меѓутоа проблемот треба да се решава во договор во Владата, а не со штрајкови. Добро е што поштарината падна на товар на Фондот на ПИОМ а треба да се реализираат и другите заложби од Меморандумот за разбирање меѓу Владата на РМ и СЗПМ.

Има и потреба од создавање услови за поголема функционалност на Клубот на пензионерите во Кочани и во други населени места, како и за проширување на канцелариският простор на Здружението со надградба.

Во разговорот учествуваше и **Ѓорѓи Серафимов** член на ИО на СЗПМ, кој откако ја објасни интерактивната улога во мошне успешната соработка на Здружението со Сојузот истакна дека само со хомогеност може да се бранат интересите на членството. Секој предлог треба квалитетно да се обработи, да се консултира базата и да се изградат соодветни ставови. А сето тоа не е така едностана работа, а е многу значајна и делотворна во интерес на сите.

- Програмските активности за тековната 2006 година се мошне амбициозни и се однесуваат на повеќе суштински прашања од животен интерес на пензионерите, констатира на крајот претседателот на Здружението на пензиоенерите во Кочани Иван Јорданов, нагласувајќи ја добрата соработка со локалната самоуправа, како и со средствата за инфомирање, а посебно со Радио-телевизија Кочани и локалниот весник "Актуелности". Беа искажани и позитивни оценки за јавното гласило на пензионерите "Пензионерски видици".

**Драги Аргировски**

Собрание на Здружение на пензионери во Ресен

# Во фокусот пензионерските потреби и заложби

Содржината на Извештајот за работа на Извршниот одбор и неговите тела за периодот мај 2005 - мај 2006 година беше главна тема на неодамнешната седница на Собрнието на Здружението на пензионерите на Ресен. Во уводните напомени претседателот **Дорче Крстевски** нагласи дека ова непартиско, невладино и непрофитно здружение покажува забележителни активноти во организираното остварување на правата на корисниците на пензија во општината, во обезбедување заемна помош, во развивањето на хуманитарната активност, екскурзии, рекреација и спорт.



Во здружението членуваат околу 2.900 пензионери корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија организирани во 19 ограноци од кои четири во градот и 15 во селски населби.

Беше констатирано дека резултатите што Извршниот одбор ги постигнал во извештајниот период се должи пред се на големата ангажираност на сите негови членови, на стручната служба и на сите комисии, како помошни тела. Се укажа дека се работело домаќински, а во духот на Програмата за активностите што е утврдена при крајот на минатата година.

- Извршниот одбор на здружението постојано е во тек со актуелните состојби и проблеми на членството, вели претседателот Крстевски, а се настојува да се подобри работата на ограноците, како база на пензионерската асоцијација. Согледана е потребата од добро, навремено и точно информирање за што свој удел има прилогот "Пензионерски видици" во "Нова Македонија", емисијата "Треба доба" на МТВ, а од донација што ја обезбеди СЗПМ од Европската агенција за реконструкција и Данскиот совет е добиен компјутер со печатар.



Забележителни хуманитарни активности

Пресек на активностите изнесе и **Костадина Барандовска**, секретар на Здружението на пензионерите на Ресен и претседателка на Секцијата на жените пензионерки, при што потсети на успешно организираната посета на Меморијалниот музеј во Пелинце кај Куманово, на "Свети Наум" и Плаошник во Охрид, на Струга, Битола, Демир Хисар и други. Беше добро организирана и средбата по повод "Преспанскиот јаболкобер" во Крани со учество на околу 600 жени пензионерки од сите краеви на нашата држава.

Во дискусијата учествуваа: **Кицо Тасевски, Тодор Чанаковски, Беќир Бариевски, Кицо Ивановски, Јовче Шолевски, Гога Прцулоски**, претседател на борците во општината и други. Учествувајќи во дискусијата секретарот на СЗПМ **Чедо Георгиевски**, меѓу другото го потенцира очигледното успешно ангажирање на раководната структура на здружението кое делува во интерес на пензионерите, развивајќи ги организационите процеси, хуманитарните активности и друго. Георгиевски информираше и за актуелностите од активноста на СЗПМ, за регионалните ревии на песни, игри и музика, како и за пензионерските спортски натпревари, чие финале ќе се одржи на 9 септември во Крани на брегот на Преспанското Езеро.

На седницата на Собранието на Здружението на пензионерите во Ресен се анализираше и работата на Комисијата за стандард со чие ангажирање во извештајниот период 770 пензионери биле снабдени со месо, сирење и други прехранбени производи, како и со огревно дрво, со плаќање на неколку рати. Воедно, во организирањето на хуманитарните активности пензионерките од Ресен посетиле околу 100 стари лица, како и старските домови во Битола и Прилеп, одделот за гедијатрија во Коскената болница во Охрид, Центарот за рехабилитација на хендикепирани лица во Банско-Струмица, како и двете установи за деца со оштетен слух во Битола, за што беше организирана и собирна акција на облека и хигиенски препарати. Како придонес на мултичкото живеење во Преспа, секретарката Барандовска, го посочи заедничкото дружење со жените од другите националности под мотото "Дружење - Велигденско јајце".

Стана збор и за потребата од реконструкција и модернизација на Клубот на пензионерите, што се наоѓа во строгиот центар во Ресен и секогаш добро посетен од членството, меѓутоа посебен проблем претставува



состојбата во Домот за живеење на пензионери, каде има потреба од градежни интервенции, ред и хигиена.

И додека ресенските пензионери постигнуваат успеси на спортските натпревари, тоа не може да се каже за културно-забавниот живот и се чувствува потреба од формирање пеачка и музичка група.



Здружението на пензионерите во Ресен остварува забележителна соработка со локалната самоуправа, со невладини организации од општината, како и со здруженијата на пензионерите од југозападниот регион со Охрид, Струга, Лабуништа, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Демир Хисар, Крушево и Прилеп.

На седницата беше поддржана и предлог програмата за меѓусебна соработка и размена на искуства помеѓу Здруженијата на пензионерите од Охрид, Струга, Дебар и Ресен во Синдикатот на пензионерите од Подградец, Драч, Пешкопеја и Корча од Република Албанија.

**Д. Арг.**

Фото приказ од регионалните пензионерски спортски натпревари

# Свечености, спортска атмосфера и дружење


Кај „Белви“- Скопје


Кичево






Рекреативен центар „Треска“- Скопје

Во организација на СЗПМ во натпреварувачка атмосфера се одржаа регионалните спортски пензионерски игри во Скопје, Прилеп, Кичево, Неготино, Пробиштип, Струмица и Кочани. Најдобрите заслужено се изборија за учество на XI-те Републички пензионерски спортски натпревари што ќе се одрчат на 9 септември на спортските терени во Крани на Преспанското Езеро.

Во **првиот регион** на спортските терени кај хотел "Белви" се натпреваруваа пензионери од скопските општини: Центар, Кисела Вода, Чаир и Гази Бба како домаќин. Спортистите од името на општината Илинден ги поздрави градоначалникот **Жика Стојановски**, а игрите за отворени ги прогласи претседателот на И.О. на ЗП "Гази Баба" **Душан Перески**. Натпреварувачите од оваа општина беа севкупен победник и го освоија преоднио пехар.

Во **вториот регион** натпреварите се одржаа во прекрасните терени кај езерото "Треска" во Скопје со учество на натпреварувачи од Тетово, Гостивр, МВР и Карпош како домаќин. При свеченото отворање на средбата присутните ги поздрви премиерот **Владо Бучковски**, а говореа и претседателот на ИО на ЗП "Карпош" **Неделко Трајановски**, и градоначалникот на општина Карпош **Андреја Петров**, кој како покровител ги отвори спортските игри. Присуствуваше и министерот за труд и социјала **Стевче Јакимовски,** а во пријатна атмосфера најдобри резултати покажаа пензионерите од Тетово.

Идеални услови за натпреварување имаше и во **третиот регион** во спортскиот центар "Маркови кули" во Прилеп, каде покрај домаќинот учествуваа и пензионери од Демир Хисар, Крушево и Ресен, кои заслужено го освоија и преодниот пехар. На свеченото отворање на натпреварите говореа **Пандо Бачаноски,** претседател на Собранието на ЗП Прилеп, градоначалникот **Марјан Ристески** и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски.**

Во убав амбиен кај Крушино во Кичево се одржаа натпреварите од **четвртиот регион** со учество на натпреварувачи од Охрид, Струга, Кичево, Дебар и Македонски Брод. Игрите ги отвори претседателот на Здружението на пензионерите на Кичево **Стојан Станковски**, а најдобри резултати традиционално имаа пензионерите од Охрид.

Во **петтиот регион** во Неготино учествуваа пензионерите од Велес, Кавадарци, Неготино, Валандово, Гевгелија и Богданци. Игрите ги отвори претседателот на ЗП Неотино **Коста Ќупов**, а најдобри беа пензионерите од Кавадарци.

Во **шестиот регион** во Пробиштип најдобри резултати имаа пензионерите од Куманово во конкуренција со Крива Паланка, Кратово и Пробиштип, чиј претседател **Тошо Аксентиев** ги поздрави учесниците.

Во **седмиот регион** во Струмица учествуваа пензионери од градот домаќин и од Штип, Радовиш, Свети Николе, Ново Село и Лозово. На отворањето на средбата говореа градоначалникот на Струмица **Зоран Заев** и претседателот на Собранието на ЗП **Александар Костов**. Во достоинствена конкуренија најдобри беа штипјани.

Натпреварите на **осмиот регион** се одржаа на спортскот центар во Кочани, во кој покрај домаќините учествуваа и натпреварувачи од Македонска Каменица, Делчево, Пехчево, Берово и Виница. Средбите во присуство на градоначалникот **Љупчо Јанев** и потпретседателот на СЗПМ **Андон Марковски** ги отвори претседателот на ЗП Кочани **Иван Јорданов,** а пензионерите од ова здружение освоија и најмногу први места.

Пензионерите и пензионерките се натпреваруваа во девет дисциплини: **тегнење јаже, фрлање ѓуле, стрелаштво, пикадо, трчање, скок од место, шах, домино и за првпат табла**, а победниците ќе ги објавиме во следниот број. И овој пат на регионалните средби пензионерите од повеќе здруженија во нашата земја покажаа како се негува спортот во возрасни години, а се организираше и пријатно дружење со музика, песна и игра.

**Подготви:**
**Драги Аргировски**


Струмица




Кочани






Прилеп

## ФОТО ВЕСТ

По повод 60 годишнината од пензионерската организација и 63 годишнината од sверското убиство на 12 ваташки младинци од бугарскиот фашистички окупатор, деновиве на спомен паркот "12 Скоевци" се одржа културната манифестација "Пензионерите пеат". Учествуваа културно-уметнички друштва и пејачки групи од Здруженијата на пензионерите од Прилеп, Кавадарци, Неготино, Гевгелија и Богданци, како и КУД "Сирма Војвода" од Битола. Околу 150 изведувачи заеднички ја исполнија песната "Ми заплакало селото Ваташа", а манифестацијата ја следеа над 400 пензионери и граѓани.



И.П.

Два настани го одбележаа културниот живот во Берово. Најпрвин се одржа заеднички концерт на хорови и оркестри од Здружанијата на пензионерите од Кочани, Македонска Каменица, Виница, Струмица и домаќинот Берово, а мошне голем интерес владееше и за гостувањето на хорот "Жан и Алеман" од Хаг- Холандија со кој беровските пензионери изведоа заеднички концерт. Хорот од Хаг настапи со изворни малешевски и староградски македонски песни.

Посебен белег на овој концерт беше заедничкото исполнување на македонски јазик на пет песни од малешевскиот крај.



Ј.Д.